ЦЕНТАР ЗА ДЕТСКО УМЕТНИЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ,
МУЗИКОТЕРАПИЈА И ПСИХО-ФИЗИЧКА РЕЛАКСАЦИЈА
“ЏУНЏУЛЕ“

Ул. “Илинденска“ 53, П.Ф. 740, тел. 070 785 168 и 075 341 137, Скопје – Република Македонија,
e-mail: office@dzundzule.com.mk, dzundzule@hotmail.com

# П О Т В Р Д А

за учество на

проф. Д-р Милка Здравковска Јанкуловска
во истражувачкиот проект
“Моите посебни потреби – надарени за цртање, надарени за музика“

Здружението Центар за детско уметничко изразување, музикотерапија и психо-физичка релаксација “ЏУНЏУЛЕ“ од Скопје го потврдува учеството на проф. Д-р Милка Здравковска Јанкуловска како евалватор и рецензент во истражувачкиот проект “Моите посебни потреби – надарени за цртање, надарени за музика“, реализиран во текот на 2013г. со финансиска поддршка на Министерството за култура на РМ по договор бр.11- 4272/1 од 20.03.2013г.

Имено, од Февруари до Ноември 2013г. се реализираше интердисциплинарно истражување во визуелната уметност и музиката кое се базира на комплементарноста на музиката и ликовната уметност во емотивната изразност. Како полноправна членка на Светската федерација за музикотерапија (**WFMT**), Центарот за детско уметничко изразување, музикотерапија и психо-физичка релаксација “ЏУНЏУЛЕ“ од Скопје, го искористи најновиот мерен инструмент од методологијата на музикотерапија – *Индивидуализиран музикотерапевтски профил за проценка на личност* (**IMTAP**) за споредбено прикажување на емотивната поврзаност на надареноста за ликовна уметност или музика кај децата; базиран на нивната заедничка карактеристика – единствени форми на невербална комуникација на една личност и можност за социјализација. Спроведувањето на **IMTAP** проценката на личноста на надарените деца се одвиваше од страна на музикотерапевтот доц. Д-р Томислав Таневски и тимот на Џунџуле, со акцентирање на емоционално-социјалниот сегмент на личноста на надареното дете од аспект на проблеми во социјализацијата и емоционалното изразување, како и барањето на музичка надареност кај надарените деца за ликовно изразување. Истражувањето се одвиваше во ДКЦ “Карпош“ во Скопје со учество на 70 надарени деца во рана адолесценција (просечна возраст од 12,5 години), членови на ликовното студио “Џунџуле“, ликовното студио на ДКЦ “Карпош“ и членови на музичката секција на ДКЦ  “Карпош“.

ЦЕНТАР ЗА ДЕТСКО УМЕТНИЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ,
МУЗИКОТЕРАПИЈА И ПСИХО-ФИЗИЧКА РЕЛАКСАЦИЈА
"ЏУНЏУЛЕ"

Ул. "Илинденска" 53, П.Ф. 740, тел. 070 785 168 и 075 341 137, Скопје – Република Македонија,
e-mail: office@dzundzule.com.mk, dzundzule@hotmail.com

Истражувањето ја реализира поставената цел дека *постои емоционално-социјална поврзаност на ликовниот и музичкиот израз кај детската личност*, низ прецизните мерења во текот на реализацијата на музикотерапевтските работилници и обемната статистичка анализа, под будното око на проф. Д-р Милка Здравковска Јанкуловска од УГД Штип и проф. Д-р Томе Манчев од ФМУ Скопје.

Истражувањето ги даде и подолу наведените очекувани резултати, кои заедно со потребата од истражувањето, текот и резултатите на истражувањето, беа публикувани и презентирани пред јавноста во печатена брошура кон крајот на 2013г.

Очекувани резултати:

1.Постоење на потполна експресија на емотивната состојба на личноста за време на реализација на планирани музички активности низ музикотерапија.

2.Постоење на посебни потреби при социјализацијата на детето уметник.

3.Препознавање на музиката и ликовниот израз како интердисциплинарен модел на емоционално-социјална комуникација.

Скопје, 24.06.2014г.

Претседател на ИО
на Џунџуле

Д-р Марија Таневска